## 1.2. Економска активност

***Во мај 2003 година физичкиот обем на индустриското производство се намали за 6,5% на месечна основа...***

Физичкиот обем на индустриското производство во мај 2003 година се намали за 6,5% на месечна основа, што воедно претставува негова вообичаена динамика во овој месец од годината. Притоа, намалување на индустриското производство е регистрирано речиси кај сите главни групи на производи, при највисок пад на производството на интермедијарни производи (освен енергија) и нетрајни производи за широка потошувачка од 8,1% и 6,4%, соодветно. Набљудувано според сектори, пад на индустриското производство е регистриран во трите сектори: преработувачка индустрија, секторот вадење на руди и камен и секторот снабдување со електрична енергија, гас и вода (за 5,2%, 16,9% и 21,2%, соодветно). Падот во преработувачката индустрија се должи на намаленото производство кај повеќето позначајни индустриски гранки.

Графикон 4
Динамика на индустриското производство
(во %)




***...додека на годишна и кумулативна основа се остварени стапки на пораст од 12,5% и 4,3%***

И покрај регистрираниот месечен пад на индустриското производство, на годишна и кумулативна основа регистрирани се стапки на пораст од 12,5% и 4,3%, соодветно. Причина за остварувањето на висока позитивна годишна стапка е повисокото производство на нафтени деривати за 54 пати, што во основа се должи на ниската споредбена основа од претходната година, како и зголеменото производство на основни метали (за 3,2 пати).